# Покана за учество на Codefest Marathon 2016

Четвртото издание на Codefest претставува една развиена форма на она што досега ни е познато како програмерски маратон за младите ИТ ентузијасти, кои имаат можност да развиваат свои идеи во рок од маратонски 32 часа. Оваа година настанот ги обединува и поврзува сите страни на ИТ заедницата, не само студентите, средношколците и ИТ професионалците, туку и ИТ бизнис секторот, образовниот сектор, стартапите и инвестициските фондови. Настанот е најавен за 15-17 април оваа година во хотелот Инекс Горица во Охрид.




За да аплицирате на овогодинешниот Codefest Marathon потребно е да се регистрирате на следниот линк:

**http://codefest.eu/marathon#Register**

Правилата за регистирање се:

- Треба да сте ученик, студент или на магистерски студии (да поседувате валиден доказ за тоа)
- Треба да составите тим од 2 до максимум 5 члена
- Аплицирате со креативна и иновативна идеја со добар бизнис потенцијал

- Да не сте започнати со реализација на идејата, инаку ќе бидете дискфаликувани (предизвикот е да се развие демо или прототип верзја на идејата, од почеток, во рамки на маратонот од 32 часа)

**Рокот за аплицирање е до Март 15, 2016 година, а учеството на Маратонот е бесплатно за сите избрани тимови.**

## Можност за евалуација на идеите пред истекот на рокот за аплицирање

Доколку имате желба да аплицирате или веќе сте аплицирале за 4тиот Codefest маратон, но би сакале да добиете мислење за вашата идеја, организаторите на Codefest за првпат оваа година нудат можност за евалуација на идеите на апликантите, пред истекот на рокот за аплицирање, кој е отворен до 15ти март.

Ова всушност значи дека сите тимови кои аплицирале или планираат да аплицираат со свои идеи за учество на маратонот, до 10ти март можат да закажат термин за евалуација на нивните идеи со цел да добијат мислење и совети за истите. Ова ќе се спроведува така што сите заинтересирани тимови за овие кратки состаноци, можат да закажат термин за состанок со ментор или некој од организацијата на Codefest со испраќање на емаил со наслов “Our idea needs evaluation” на контакт адресата на Codefest, hello@codefest.eu.



## Коцептот на Codefest 2016 година

Оваа година маратонот добива силен интернационален карактер, со тоа што стана официјален член на светски познатата лига на хакатони, Major League Hacking. Со ова тимовите-учесници ќе добијат поголема интернационална видливост, а ќе има и светски признанија за најдобрите тимови.




Поради големиот интерес за настанот претходните години, организаторите оваа година одлучија да ја збогатат програмата. Па така, Codefest 2016 подготвува еднодневна технолошка конференција, Codeference, на која гости-предавачи ќе бидат светски и наши познати експерти во повеќе области, како: технологија, иновации, дигитален маркетинг, стартапи и инвестиции. Меѓу најавените имиња се среќаваат гости од Google, Viber, Adobe, Microsoft, итн. Воедно сите учесници кои ќе бидат избрани да учествуваат на Codefest Marathon ќе добијат бесплатен влез на конференцијата.

Компаниите оваа година ќе имаат уште позасилено присуство на Codefest, сега во нов track на настанот специјално предвиден за компании и стартапи, CFX-Business Expo. Она што на претходните Codefest настани беше познато како on-site регрутација, сега компаниите ќе можат да го прават на поелегантен начин, преку свој изложбен простор каде ќе можат да се претставаат, а истовремено да сретнат нови деловни партнери, како и да забележат соработници меѓу младите таленти.